708

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor
dhe Planifikimit Hapësinor

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Архивски број: 15-3693/2

Дата: 28-07-2021

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
MINISTRIA E TRANSPORTIT DHE LIDHJEVE
Скопје - Shkup

| Примено / Pranuar: 03. 08. 2021 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Nj. organizative | Број Numri | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| 24 | 4648/3 | | |

ДО: **Министерство за транспорт и врски**
Ул. Црвена Скопска Општина бр. 4
1000 Скопје
**Република Северна Македонија**

ПРЕДМЕТ: **Мислење по Нацрт Извештај за стратегиска оцена на животната средина**
Врска:ваш бр. 24-4648/2 од 09.07.2021 година

Почитувани,

Во врска со Вашето барање на мислење доставено до Министерството за животна средина и просторно планирање-Сектор за просторно планирање под **бр. 15-3693/1** од 16.07.2021 год. и по доставениот Нацрт Извештај за стратегиска оценка на животната средина **за ДУПД за изградба на бензиска пумпна станица со придружни и услужни објекти на магистрален пат М1 (А1-Е75), на КП бр. 3154/1, КП бр. 3154/2, КП бр. 3161, како и делови од КП бр. 3155 и КП бр. 3216, м.в.** Суво **Грло, КО Тремник – Општина Неготино,** а врз основа на спроведена постапка за стратегиска оцена на животната средина, Министерството за животна средина и просторно планирање нема забелешки и дава **позитивно мислење** по содржината и обемот на документот. Во прилог на наведеното, Министерството за животна средина и просторно планирање посочува дека предметниот Извештај за стратегиска оцена на животната средина ги содржи аспектите за заштита на животната средина, како и економските и социјалните прашања во фазите на планирање и имплементирање на планот, како и преглед на регулаторната рамка и процедури кои ќе служат како основа за проценки на влијанијата врз животната средина за сите идни подпроекти кои би се реализирале во рамки на планот.
Согласно наведеното, Министерството смета дека е постигната општата цел на Извештај за стратегиска оцена на животната средина, односно дека е направена целосна анализа на потенцијални влијанија од донесувањето и имплементацијата на Урбанистичкиот план кој е предмет на стратегиска оцена, а воедно се утврдени и мерки за заштита, намалување и неутрализација на негативните влијанија и план за мониторинг на животната средина.


Министерство за животна срединаи просторно планирањенаРепублика Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e MjedisitJetësordhePlanifikimithapësinore
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "PresvetaBogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Scanned with CamScanner